**20222112998**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 24 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/07, 5/09, 43/14, 193/15, 39/16 и 164/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.190/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 септември 2022 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА МЕРКИТЕ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ ФИНАНСИРАНИ ОД ПРОГРАМАТА ИПАРД 2014-2020

Член 1

Во Уредбата за начинот и постапката за користење на финансиска поддршка за мерките за рурален развој финансирани од Програмата ИПАРД 2014-2020 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.58/19) во членот 15 ставот (5) се менува и гласи:

„Барателот може да поднесе барање за едно авансно плаќање на финансиската поддршка во рок од 60 дена по склучувањето на договорот за финансиска поддршка. Износот за кофинансирање на инвестицијата ќе биде намален со износот на авансното плаќање. Авансното плаќање не може да надмине износ поголем од 50% од износот на одобрената финансиска поддршка за инвестицијата“.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-5133/1
27 септември 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.